# Електронски систем за пријава/одјава на работни односи

https://www.avrm.gov.mk/PrijavaOdjava/

## Цел

Електронскиот систем за пријава/одјава на работни односи ја поедноставува процедурата за задолжително пријавување или одјавување на работни односи за работодавците, со исклучок на државните институции. Новиот систем овозможува ефикасен, лесен, едноставен процес кој заштедува време при пријавувањето и одјавувањето на работни односи во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

## Функции на апликацијата

Системот им овозможува на работодавците на креираат и објават огласи за работа, и последователно на тоа да ги пријават работните односи на избраните кандидати преку едноставно пополнување на електронски формулари. Со пополнување на друг формулар, работодавците можат да го одјават работниот однос. Дополнителна опција која работодавачите можат да ја користат е прегледот и печатењето на листа на сите пријавени работни односи во компанијата.

Системот на работниците им дава можност во секое време да го проверат и печатат тековниот статус на својот работниот однос, како и да имаат увид во историските податоци за претходните работни односи.

## Корисници

Корисници на системот се работодавците, работниците, шалтерските службеници од Агенцијата за вработување, како и државните институции кои ги користат податоците во врска со регистрираните пријави и одјави на работни односи.

## Посебни придобивки

- Достапност на услугата 24/7
- Ефикасен начин со кој компаниите ќе можат да ги остварат своите законски обврски за пријава/одјава на работни односи од своите канцеларии
- Намалување на бројот на податоци кои треба да се поднесат до институциите вклучени во процесот на пријава/одјава на работни односи.
- Можност за работниците да го проверат својот работен однос во секое време
- Подобрена соработка и размена на податоци меѓу сите институции кои ги користат податоците од регистрираните пријави и одјави на работни односи

## Статус

Системот беше пуштен во употреба во декември 2008 година.


**www.eGov.org.mk**

Проект е-Влада
Дане Крапчев 18
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3231 104
Факс: +389 2 3220 636

info@eGov.org.mk